ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 191, став (4) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија” бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 96/19) и член 7, став (1) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 116/19 и 93/21), а постапувајќи по Барањето за донесување на решение за стекнување на привремен статус на повластен производител бр. УП1 бр. 08-234/22 од 26 јули 2022 година на Друштвото за производство, трговија и услуги ЧИПС ПАУЕР ДОО увоз-извоз Скопје, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на хх октомври 2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ**

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги ЧИПС ПАУЕР ДОО увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. Фјодор Достоевски бр. 72-вл.1 кат 3/стан 4 Скопје-Карпош, му се издава решение за стекнување на привремен статус на повластен производител за термоелектроцентралата на биомаса „Крушево 2“, со планирана моќност од 1000 kW и со локација на КП бр. 1472/13 КО Алданци, општина Крушево.
2. Податоци за носителот на решението:
   - назив и седиште: Друштво за производство, трговија и услуги ЧИПС ПАУЕР ДОО увоз-извоз Скопје, со седиште на Фјодор Достоевски бр. 72-вл.1 кат 3/стан 4 Скопје-Карпош;
   - единствен регистарски број на електроцентралата: РР-ВМ-271;
   - назив на електроцентралата: термоелектроцентрала на биомаса „Крушево 2“;
   - податоци за локација на електроцентралата: на КП бр. 1472/13 КО Алданци, општина Крушево;
   - планирана моќност на електроцентралата: 1000 kW
   - планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 8.000.000 kWh;
   - рок во кој електроцентралата треба да биде пуштена во употреба: три години од денот на правосилност на одобрението за градење;
   - датум на престанок на важење на ова решение: 29 ноември 2024 година.
3. Носителот на ова решение може да поднесе барање до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за продолжување на важноста на ова решение во постапка утврдена во член 10 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа.
4. Носителот на ова решение е должен да ја извести Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за секоја статусна промена, промена во сопственичката структура и промена во формата, називот и седиштето, наведени во ова решение, согласно член 9 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа.
5. Со денот на влегување во сила на ова решение, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија го запишува носителот на ова решение и електроцентралата во Регистарот на повластени производители коишто користат повластена тарифа.
6. Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија го доставува ова решение до барателот, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електродистрибутивниот систем.

7. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Друштвото за производство, трговија и услуги ЧИПС ПАУЕР ДОО увоз-извоз Скопје (во понатамошниот текст: Друштво), со седиште на ул. Фјодор Достоевски бр. 72-вл.1 кат 3/стан 4 Скопје-Карпош, согласно Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа (во понатамошниот текст: Правилник), на 26 јули 2022 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторната комисија за енергетика) поднесе Барање за донесување на решение за стекнување на привремен статус на повластен производител (во понатамошниот текст: Барање), за термоелектроцентралата на биомаса „Крушево 2“, со планирана моќност од 1000 kW и со локација на КП бр. 1472/13 КО Алданци, општина Крушево, заведено под архивски број УП1 бр. 08-234/22.

По однос на поднесеното Барање, Регулаторната комисија за енергетика на 5 август 2022 година, го извести Друштвото дека барањето е непотполно и дека потребно е да достави:

- нов БРПС образец за решение за стекнување на привремен статус на повластен производител и
- Решение за измени во тек на градење издадено општина кое ќе биде согласно Проектот за измени во тек на градба.

Друштвото постапи согласно известувањето и до Регулаторната комисија за енергетика ја достави бараната документација:

- нов БРПС образец за решение за стекнување на привремен статус на повластен производител од 29 септември 2022 година и
- Решение за одобрување на измени во текот на градба на објектот „Крушево 2“ биомасна електрана за производство на електрична енергија со планирана моќност до 1000 kW, со локација на КП бр.1472/13, КО Алданци, општина Крушево, донесено од страна општина Крушево УП бр.23-15 од 1.09.2022 година, со правосилност од 5.09.2022 година

Со дополнително доставената документација, Регулаторната комисија за енергетика утврди дека доставеното Барање и документите на Друштвото согласно член 3 од Правилникот се комплетни и немаат недостатоци и согласно член 6, став (1) од Правилникот изготви предлог - решение за стекнување на привремен статус на повластен производител, коешто беше предмет на расправа на подготвителната седница. Согласно член 6, став (2) од Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика на хх октомври 2022 година одржа подготвителна седница. На подготвителната седница немаше забелешки по предлог – решението од страна на присутните.

Врз основа на член 191, став (4) од Законот за енергетика и член 7, став (1) од Правилникот Регулаторната комисија за енергетика на хх октомври 2022 година одржа седница на којашто донесе решение за стекнување на привремен статус на повластен производител за термоелектроцентралата на биомаса „Крушево 2“, со планирана моќност од 1000 kW и со локација на КП бр. 1472/13 КО Алданци, општина Крушево на Друштвото за производство, трговија и услуги ЧИПС ЕНЕРЏИ ДОО увоз-извоз Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 08-234/22**
**хх октомври 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

*Изготвил: Анастасија Стефановска Ангеловски*
*Контролирале: Марија Николовска*
*Елизабета Арсова*